Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/25) , Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ, КРИТЕРИУМИИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ДЕЈНОСТА КУЛТУРА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиска поддршка на програмата за активностите на општина Карпош од областа на културата.

## СРЕДСТВА

### Член 2

Средствата за доделување на еднократна парична помош од областа на културата се утврдуваат во буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

## ЈАВЕН ОГЛАС

### Член 3

Доделување на еднократна парична помош од областа на културата се доделува по пат на јавен оглас кој го распишува комисијата.

### Член 4

Еднократна финансиска поддршка за културни активности ќе биде наменета за остварување и реализирање на програми од областа на културата кои не се опфатени со дејноста култура за 2026 година на Општина Карпош.

## 1.1. КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2026

**Член 5**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на општина Карпош за 2026 година за Карпошово културно лето е 2.500.000,00 денари.

**Член 6**

Организатор може да биде: Општина Карпош, а исто така може да бидат физички или правни лица кои ќе се изберат по пат на јавен оглас за организирање на Карпошово културно лето 2026.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Член 7**

Право на учество имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата и пошироко кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области. Потребно е со своите програми и активности да придонесат за развој на културата во општината и пошироко, да го збогатуваат културниот живот во општината, како и зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Карпош. Физичките и правните лица може да поднесат и комплетна програма за реализација на Карпошово лето.
Комисијата може да покани учесници за кои ќе процени дека одговараат за потребите на овој настан или доколку некој понуди комплетна организација, комисијата може да прифати целосно или делумно учеството на изведувачи.

1. Подносителите треба да достават:
   -Тековна состојба од Централен регистар (за правни лица), не постара од 3 месеци; -
   барање со основни информации за подносителот (име на организација, адреса, телефонски број, е-маил адреса, лице за контакт);
   - жиро сметка на здружението;
   - краток опис на организацијата
   - предлог- проект
   - потребен буџет
2. Активноста да ги опфаќа областите: издавачка дејност, фолклор, музичко - сценска дејност, театар и глума, ликовно - уметничка изложбена дејност и други дејности кои се значајни за граѓаните на Општина Карпош.

3. Физичките и правните лица потребно е во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

**Член 8**

-Проектите да се атрактивни, популарни и од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата

- досегашни домашни и меѓународни настапи (признанија и награди доколку има),
- потврда за досегашни организирања на културни манифестации и
- постигнати успеси
- програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметнички потенцијал на општината и од побараните финансиски средства од страна на општината,
- финансиската поддршка што комисијата може да ја предложи за настап на еден изведувач на Карпошово културно лето 2026 година, може да изнесува од 20.000,00 денари па се до 600.000,00 денари.

## 1.2. ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

**Член 9**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на општина Карпош за 2026 година е 300.000,00 денари.

**Член 10**

Максималната еднократна финансиска поддршка за културни активности што комисијата може да ја предложи е до 30.000,00 денари.

**Член 11**

Еднократна финансиска поддршка за културни активности се доделува еднаш годишно.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

### Член 12

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош, а кои со своите активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Активноста ги опфаќа областите: издавачка дејност, фолклор, музичко - сценска дејност, театар и глума, ликовно - уметничка изложбена дејност и други дејности.

Во барањето да се наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои се бараат средствата.

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош, со најмалку 12 години (наполнети или што ќе наполнат во годината кога е објавен јавниот оглас) до 18 години (да немаат наполнето 18 години во текот на целата година кога е објавен јавниот оглас).

## КРИТЕРИУМИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

### Член 13

- Активноста да ги опфаќа областите: издавачка дејност, фолклор, музичко - сценска дејност, театар и глума, ликовно - уметничка изложбена дејност.
- Прва категорија од 20.000,00 до 30.000,00 денари за подносители со освоени државни и меѓународни награди, како и за учество на меѓународни натпревари, ликовни изложби - колонии, литературни конкурси и учество на музички, фолклорни и театарски фестивали.
- Втора категорија од 10.000,00 до 19.000,00 денари за подносители со освоени втори места на државни натпревари.
- Трета категорија од 3.000,00 до 9.000,00 денари за подносители со постигнувања на општинско ниво.
- За проекти од областа на културата, комисијата дава мислење за проектот дали е од јавен интерес и за висината на финансиската подршка без разлика на возраста на подносителот.

## 1.3. ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА

**Член 14**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на општина Карпош за 2026 година за Еднократна парична помош за проекти од културата е 1.400.000,00 денари.

**Член 15**

Финансиска поддршка за проекти од културата се доделува еднаш годишно.

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Член 16**

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани на територија на Општина Карпош кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Активноста да ги опфаќа областите: издавачка дејност, фолклор, музичко - сценска дејност, театар и глума, ликовно - уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица потребно е во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### КРИТЕРИУМИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

**Член 17**

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- досегашни домашни и меѓународни настапи,
- потврда за досегашни организирања на културни манифестации и
- постигнати успеси
- доделени награди (домашни - меѓународни).

## 1.4. МУРАЛ ИЛИ СКУЛПТУРА И ГРАФИТИ ЗА СЕКОЕ МААЛО

**Член 18**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на општина Карпош за 2026 година за Мурал или скулптура и графити за секое маало е 1.000.000,00 денари.

**Член 19**

Уметниците ќе бидат избрани по пат на јавен конкурс.

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Член 20**

Право на учество имаат сите заинтересирани уметници од државата кои ја опфаќаат ликовно - уметничка изложбена дејност.

### КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

**Член 21**

-Проектите да се атрактивни, популарни и од посебен интерес за граѓаните на општината.

- досегашни домашни и меѓународни настапи (признанија и награди доколку има),
- досегашни активности
- побарани финансиски средства од страна на општината,
- финансиската поддршка што комисијата може да ја предложи за исликување на мурали ќе изнесува:

а) од 5 до 10 метри квадратни ќе изнесува до 120.000,00 денари

б) од 11 до 15 метри квадратни ќе изнесува од 120.000, 00 до 150.000,00 денари

в) од 16 до 20 метри квадратни ќе изнесува од 150.000,00 денари до 200.000,00 денари.

- подносителите за исликување на муралите да поднесат изработен проект со идејно решение за изгледот, содржината, квадратура на муралот и цена.
- финансиската поддршка што комисијата може да ја предложи за изработка на скулптура ќе изнесува:

а) до 300.000,00 денари со постамент висина 1м. и ширина и должина метар на метар и висина на скулптурата до 180,00см
- подносителите за изработка на скулптури да поднесат изработен проект со идејно решение за изгледот, содржината, димензии на скулптурата и цена.
- финансиската поддршка што комисијата може да ја предложи за изработка на графити ќе изнесува:
а) од 5 до 10 метри квадратни ќе изнесува до 10.000,00 денари
б) од 11 до 15 метри квадратни ќе изнесува од 20.000, 00 денари
в) од 16 до 20 метри квадратни ќе изнесува од 30.000,00 денари.
- подносителите за исликување на графитите да поднесат изработен проект со идејно решение за изгледот, содржината, квадратура на графитот и цена.

## 1.5. ФИЛМСКА НЕДЕЛА – КАРПОШ КИНО НА ОТВОРЕНО

**Член 22**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на општина Карпош за 2026 година за филмска недела – карпош кино на отворено е 200.000,00 денари.

**Член 23**

Право на учество имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

**Член 24**

- Филмските проекции да се атрактивни, популарни и од посебен интерес за граѓаните на општината
- досегашни организирања на кино на отворено
- временска рамка на проекциите и број на локации.
- правното или физичкото лице потребно е да ја обезбеди комплетно техничката опрема за изведување на филмските проекции.

## КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР

**Член 25**

Комисијата е должна доставената документација претходно да ја проверува, да подготвува мислења и истите да ги достави до Градоначалниот.

**Член 26**

Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Карпош со решение.

**Член 27**

Комисијата е составена од вработени во општина Карпош.

**Член 28**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- Комисијата ги прибира и разгледува пристигнатите предмети и одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови и дава предлог и мислење до градоначалникот.
- Комисијата може да сугерира околу понудената сума на средства на подносителот и да даде своја понуда во рамките на целокупниот износ за таа намена.

**Член 29**

Комисијата средствата ги доделува со мнозинство гласови

**Член 30**

Градоначалникот има право да го прифати или измени предлогот од комисијата.

**Член 31**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Сотир Лукровски**